Servisea

Годишно обраќање на Сервисеа за 2023

Почитувани клиенти и партнери,

Зад нас останува уште една година на докажување и подобрување на нашите услуги во соработка со бројните клиенти кои се одлучија својот предмет да го доверат на Сервисеа. Делува неверојатно, но во Мај 2024 ќе навршиме 4 години од нашето постоење и е вистинско задоволство што заедно со Вас чекориме по овој развоен пат, кој не донесе од скромна идеја полна со ентузијазам до нејзина реализација и изградба на стабилна фирма, со уште поголеми замисли и проекти пред себе.

Како и досега, ништо од овој раст и визија не ќе беше возможно ако не постоеја нашите бројни партнери со кои секојдневно соработуваме. Ова наше обраќање е и јавна благодарница кон нив бидејќи тоа се луѓето и институциите без кои Сервисеа не би можела да постои и за чијашто соработка сме бескрајно благодарни.

Нашата веб страница, односно сегментот Корисни Текстови станува сé позначаен дел од нашето постоење. Не само поради обемот на текстови, туку и поради сé поголемата посетеност. Нашата морална одговорност кон сé поголемиот број читатели кои преку Сервисеа ги осознаваат или утврдуваат своите права и обврски е сразмерно поголема. Информациите кои ги внесуваме во нашите текстови секогаш мора да бидат точни, со јасно даден извор на информацијата. Сервисеа секогаш ќе остане некомпромисна во исполнување на овие постулати при пишувањето на текстовите на нашата веб страна.

Во 2023 (до моментот на пишување на ова обраќање) имавме 95282 посети на нашите страници од 20970 различни IP адреси. Тоа значи дека скоро 21000 луѓе одлучиле да ја вклучат Сервисеа во потрагата по решение на некое свое прашање или проблем од областа на правото или администрација. За споредба, овој број е за 8000 поголем од 2022, а споредувајќи се со нашиот почеток во 2020, во 2023 сме имале скоро 33000 индивидуални посетители повеќе. Овие статистики ги примаме како комплимент за нашата стручност и добра работа и се надеваме дека ќе бидеме уште подобри во приближувањето на правото кон граѓаните и фирмите кои се обратиле или ќе се обратат на Сервисеа во иднина.

Servisea

Од аспект на сработени предмети, радува фактот што сé повеќе и повеќе го надраснуваме Охридскиот регион (во кој делуваме примарно) и стануваме корисен партнер за сите граѓани на ниво на Македонија, на сé поголем број наши сограѓани со живеалиште во странство, но и странци на кои им е потребна помош во Македонија. Нашето портфолио на клиенти и натаму расте и освојува нови земји и континенти. Досега (освен во Македонија) имаме работено со клиенти во следните земји: Австралија, Австрија, Словенија, Германија, Чешка, САД, Кина, Полска, Италија, Хрватска, Шведска, Турција.

Во годината што изминува за нашите клиенти работевме во повеќе од 30 различни области. Најголемиот дел предмети беа во областа на имотно-правната регулатива. Меѓу другото работевме анализи, изработка, корекции на најразлични договори (купопродажби, договори за подароци и сл), координација со државни институции (надлежни општини, катастри), помош при оставински постапки, откуп на државно земјиште, физички делби итн. Во еден од поголемите проекти годинава, во име на наш клиент извршивме измена на детален урбанистички план, координирајќи ги сите чекори од процесот и вклучувајќи ги сите институции и партнери потребни да се дојде до потребната пренамена.

Помагавме и во областа на работните односи. За нашите клиенти работевме на корекции на плати, постапки за пензија, исплати на неисплатени пензии итн. Сработивме и многу административни постапки и услуги, некои поедноставни (како на пр.запишување на незапишани права во Агенцијата за катастар на недвижности), но и сложени, како на пример застапување на клиент пред државните институции при постапка за отпуст на државјанство.

Во 2023 значајно ја проширивме и соработката со фирми. Пружавме поддршка и координација на нашите деловни партнери во постапки од областа на Трговското право. Во нашата намера понатаму да ја усовршиме понудата за фирми, со успешно комплетирање задолжителна обука, Сервисеа стана официјално сертифициран Офицер за заштита на лични податоци. Овој потценет дел од правната регулатива допрва ќе станува уште поактуелен, а Сервисеа се позиционира да биде лидер во имплементација на законските норми во тој поглед.

Servisea

За крај на ова обраќање, ја претставуваме можеби најголемата новина од нашето работење во 2023. Согледувајќи ги потребите на нашите постоечки клиенти, сфативме дека на пазарот е повеќе од потребен солиден партнер од областа на недвижнини. Водени од таа идеја, во март 2023 се роди Сервисеа Проперти, фирма-сестра на Сервисеа, која во иднина ќе ги надополнува услугите на Сервисеа. Се надеваме дека со услугите кои ги пружаме набргу ќе го олесниме животот на уште поголема група луѓе и се надеваме дека ќе бидеме во можност да пишуваме за нашите успеси со Сервисеа Проперти на ист начин како што Ви се обраќаме денес од името на Сервисеа.

Во името на Сервисеа Ви посакуваме среќни празници и многу среќа, здравје и успеси во 2024.

Со почит,

Мартина, Даша, Виктор, Ивица



Сервисеа ДОО